# ОСАМЕНОТО ДРВО

## Нина Максимова

Еднаш, многу многу одамна, пред милиони милиони години, кога се создавал светот , кога се појавила првата светлина и првиот зрак, кога се создале сите планети, комети, големи и мали ѕвезди и соѕвездија, на една малечка Планета веќе си постоело едно Дрво. Тоа дрво било толку големо што ја зафаќало целата планета и можело да се види од многу далеку. Корењата му биле толку огромни и длабоки што ја зафатиле целата површина на планетата и на земјата немало ништо друго освен корења и мов. Стеблото му било толку големо и дебело што крајот не му се гледал, а гранките му биле огромни и широко распространети со огромни зелени листови, од што на планетата секогаш имало сенка. Може да се каже дека Дрвото изгледало како некој огромен џин качен на некоја топка.

Универзумот тогаш бил многу мирно и тивко место. Во бесконечниот простор, осветлен во најразлични бои од милиони соѕвездија, владеела потполна тишина. Со години Дрвото било сосема само. Ниту на неговата планета, ниту никаде наоколу немало слично на него, на неговиот род, и тоа било многу тажно и осамено. Толку било тажно што од кората на неговото стебло му се тркалале огромни капки солзи кои паѓале врз корените и така всушност Дрвото се хранело и опстојувало. И така проаѓале милиони и милиони години, и од сопствените солзи израснало во огромно џиновско дрво.

Со години Дрвото барало решенија како да се ослободи од својата осаменост. Здодевно му било да ги пребројува убавите ѕвезди, тоа го правело секоја ноќ. Здодевна му била и криенката со Сонцето што ја играло секој ден,  а здодевна му била и Месечината која во мракот му ги криела гранките.

- Осаменоста е здодевна… колку би сакал сега да има некој со кој можам да си разговарам… - си помислило низ солзи Дрвото.

Еден ден, Осаменото Дрво смислило план - решило да си роди неколку плодови, тие да пораснат и кога веќе би биле зрели и кога сами би падналe на земјата, би се стркалале, би падналe од неговата Планета, би отишле на некои други планети и би продолжиле да живеат таму. Во плодот дрвото ќе ставело семка, и кога плодот ќе паднел на земјата, од семката ќе можело да израсне друго дрво, исто такво, од неговиот род. Така дрвото немало да биде осамено.

- Се надевам дека ќе ми успее планот! – си рекло Дрвото, радосно.

Така и се случило. На гранките се појавиле многу убави, големи, сочни, црвени плодови, и кога биле презреани, паднале наземи, се стркалале и паднале од Планетата, сите на различни страни. Паѓале долго во бесконечниот простор на Универзумот, се распрнале на различни страни, и исчезнале. Тогаш на Дрвото не

му останувало ништо друго, освен да чека, да го чека моментот кога од некоја страна, од некоја бликска или далечна планета околу него, ќе се појавел врвот на некое големо дрво, што било исто како него, од неговиот род.

И, Дрвото чекало. Но, со иљадници години, од никаде не се гледала ни трага ни глас од такво дрво. Чекало уште неколку иљади години, со надеж и солзи. Одеднаш…

- Зошто плачеш? – од некаде се слушнал тивок и чуден глас, може да се каже дека тоа бил првиот глас што го слушнало Дрвото воопшто.

Дрвото веднаш престанало да плаче и се штрекнало.

- Кој е тоа? Каде си? Кој си ти? – возбудено извикало Дрвото, и почувствувало нежно голицкање по кората на стеблото.

Тогаш, на една гранка забележало малечко суштество со долгнавесто зеленкасто тело. Никогаш немало видело такво нешто. Тоа малечко суштество, исто така било возбудено од радост.

- Јас сум Гасеница. Живеам овде од неодамна, ме донесе Ветрот. Твојата Планета е толку убава, има толку убав поглед наоколу! А и стеблото ти е огромно, имаш толку убава крошна! Сигурно уживаш да живееш овде! – рекла Гасеницата.

Дрвото било изненадено и збунето, едноставно занемело, не рекло ништо.

- Ако немаш ништо против, јас би сакала да останам да живеам овде, ако ми дозволиш да се хранам со твоите листови. – рекла со умилкување Гасеницата.

- Не, не, не… Немам ништо против! Јас со години сум осамено, овде нема никој… ова е мојот прв разговор… Остани овде, ќе си живееме заедно, ќе го гледаме изгрејсонцето и зајдисонцето, ќе и се криеме на Месечината, ќе ти кажам колку точно ѕвезди има на онаа страна, и кога доаѓа Ветрот… - Дрвото почнало да набројува низ солзи радосници.

- Ти благодарам! Ние ќе бидеме многу добри пријатели! Но… морам уште сега да ти кажам нешто. Јас нема засекогаш да бидам ваква, како што ме гледаш. Еден ден, јас ќе се променам, нема да ме препознаеш. Моето тело ќе стане поинакво, и јас ќе можам да летам!

Дрвото не можело да разбере што зборувала Гасеницата. Но, сето ова било толку интересно и возбудливо, па слушало со целосно внимание. Тогаш, Гасеницата продолжила да раскажува за тоа како живееле Гасениците – суштествата од нејзиниот род, како таа имала толку многу различни роднини, и како кога ќе пораснале се преобразувале во инсекти – им растеле шарени крилја и тие станувале Пеперутки.

- Значи, јас сега сум млада, но кога ќе пораснам ќе имам големи шарени крилја, ќе бидам многу убава, ќе видиш, ќе застанам вака и ќе ги раширам моите крилја и ќе летам насекаде, ќе можам да одам каде сакам! – занесено раскажувала Гасеницата додека лазела низ гранките.

Дрвото ја следело со ширум отворени очи и било исто така радосно, понесено од приказната. Но, наеднаш се натажило.

- Ти ќе имаш крилја, тоа е прекрасно. Но јас, јас имам длабоки корења и не можам никаде да одам, никогаш… - се натажило Дрвото.

Гасеницата ја почувствувала неговата тага и застанала.

- Немој да тагуваш. Природата е таква и си има свои правила, и тука не можеме ништо. Сите сме толку различни, но не можеме едни без други. Јас многу би сакала да бидам голема и убава како тебе, но не сум, јас сум малечка и убаво ми е таква. Знаеш што? Наместо да посакуваме да бидеме нешто што не сме, подобро да го прегрнеме тоа што сме и тоа што го имаме, сега и овде. Еве јас, денес имам нов пријател и нов дом и сум многу среќна поради тоа!

Дрвото малку се расположило. Нивниот разговор продолжил се до зајдисонце, и траел и кога се појавила Месечината. Дрвото и Гасеницата навистина станале најдобри пријатели. Дрвото брзо заборавило на осамените денови. Поминале неколку месеци и еден ден навистина на Гасеницата и пораснале големи шарени крилја.

- Видиииии меееее, ху хууууу, - летајќи низ крошните викала Гасеницата, сега веќе - Пеперутка. – Јас сум Пепееерутkaaaaaa, јухуууу, можам да летам насекаде!

- Прекрасно! – Дрвото било воодушевено.

Пеперутката летала низ големата крошна на Дрвото со таква брзина што правела мал ветер меѓу листовите и тоа многу го расположувало Дрвото. Нивното другарство станало уште по возбудливо и поцврсто.

Но, еден ден... Ја снемало Пеперутката. Дрвото ја довикувало цел ден, но таа не се појавувала. На Планетата на Дрвото повторно завладеала тишина.

- Ме напушти. - си помислило Дрвото. - Знаев дека еден дрн ќе се случи тоа. Знаев дека тие шарени крилја еден ден ќе ја однесат некаде далеку. Сега јас пак ќе бидам осамено.

И така и се случило. Дрвото повторно останало само и тажно. Поминало некое време, но од Пеперутката немало ни трага ни глас. Овојпат дрвото не плачело, и од неговата тага почнало по малку да се суши.

Еден ден, загледано во сонцето, слушнало гласови што се приближувале и станувале се погласни. Од далечината на бескрајниот Универзум забележало непознати крилести суштества кои се приближуваат на неговата Планета. Напред, ги водела Пеперутката.

- Хеееej! Еве сууумм! - извикала Пеперутката.

Дрвото ги ококорило очите и од возбуда и среќа, сите жолти листови веднаш му позелениле. Пеперутката пристигнала на неговата Планета заедно со новите пријатели - најразлични птици, пеперутки, вилински коњчиња, бумбари и бубамари.

- Зарем мислеше дека ќе те напуштам? - рекла Пеперутката. - Никогаш! Вистинските пријатели не го прават тоа, а ти си мојот најпосебен пријател. Прошетав низ околните планети и запознав разноразни пријатели и на сите им зборував за тебе и сите сакаат да те запознаат и да живеат овде, на најпрекрасната Планета со најубавиот поглед, кај најубавото и најголемо Дрво. Сите овие птици во клуновите ти носат по една семка од најразлични чудесни растенија кои би сакале да си засадат овде. Ова ќе биде прекрасно место за живеење, ќе видиш!

Дрвото пак почнало да плаче од среќа, каква што не може со зборови да се опише.

Од тој ден, Пнанетата на Дрвото станала жива и бучна. Израснале најразлични растенија, дрвца и цвеќиња, насекаде било шарено и раззеленето. Набргу се намножил бројот на сите птици и инсекти, и сите заедно среќно си живееле. Дрвото веќе не било осамено ниту еден ден.